Изработила: Сузана Милошева - Левкова

| **Седмица: 1** **Час: 1**<br>**Датум:** | **Тема 1: Основи на користење компјутер и друга ИТ**<br>**Наставна единица: Хардвер** | **Одделение:**<br>**IV** |
|---|---|---|

| Распоред (делови од часот) | Цели на учење | Критериуми на успех (очекувани резултати) | Активности – Опис | Активности – Организациони форми | Ресурси (средства и материјали) | Доказ за постигнувањата |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 5 мин. | Да ги познава основните делови на компјутерскиот систем - хардвер | **<u>Сите можат:</u>**<br>да набројат основни делови на компјутерскиот систем | Часот го започнувам со прашањата: Што е компјутерски систем? Зошто служи компјутерскиот систем? Кои се основните делови на компјутерскиот систем? | З<br>метод на разговор | Слики со уреди од компјутерски систем<br><br>Флип чарт хартија<br><br>Учебник<br><br>Наставен лист | Набљудување |
| 30 мин. | | **<u>Повеќето можат:</u>**<br>да ја објаснат функцијата на деловите од компјутерскиот систем | • За оваа активност се користат слики на кои се претставени: **куќиште, монитор, тастатура, глувче, печатач, слушалки, проектор, микрофон и звучници**.<br>- Учениците се поделени во групи и секоја група добива по три слики со уреди од компјутерски систем.<br>- Треба да ги именуваат уредите од сликите кои ги добиле.<br>- На поставен флип чарт, учениците заеднички треба да состават компјутер од дадените слики на уреди. Оние уреди кои се појавуваат повеќе пати се закачуваат само еднаш на флип чарт.<br>- Откако ќе се состави компјутерот, учениците се делат во парови и даваат објаснување за функцијата на секој уред посебно преку квиз. Еден ученик од парот опишува даден уред „овој уред можеш да го движиш по рамна површина и да извршуваш разни работи на компјутерот“, а вториот ученик погодува за кој уред станува збор – глувче. Првиот ученик од вториот пар кажува „со овој уред можеш да ги печатиш документите на хартија“, а вториот ученик погодува кој е уредот – печатач. На сличен начин квизот продолжува и за другите уреди од компјутерот.<br>Напоменувам дека сите овие уреди кои ги изучивме на овој час со заедничко име се нарекуваат **хардвер**.<br>- Учениците пополнуваат наставен лист изработен од наставникот. | Г<br>метод на практична работа<br><br>П<br>метод на игра | | Прашања<br>Одговори<br><br>Дискусија<br><br>Изработен наставен лист |
| 5 мин. | | **<u>Некои можат:</u>**<br>да објаснуваат кои се основните цели на компјутерот и што претставува хардверот | Ги поттикнувам учениците со прашањето „Што е заедничко за сите овие уреди од компјутерот?“ Се доаѓа до заклучок дека хардвер е сè она што може да се допре. Набројуваат што спаѓа во хардвер. | З<br>метод на објаснување | | Дискусија |

| **Организација: Детали за поделбата по улоги /групи / возраста** | **Забелешки / можности за проширување / домашна работа** | **Клучна терминологија** |
|---|---|---|
| Воведен дел: Разговор за основните делови на компјутерскиот систем<br>Главен дел: заедничка работа, активности во групи, активности во парови, квиз, работа со ученици кои имаат потреба од индивидуален пристап<br>Завршен дел: Набројуваат што сè спаѓа во хардвер | Да ја прочитаат стр.6 од учебникот за делови на компјутерскиот систем и основни цели на компјутерот. | компјутерски систем, хардвер, уред, куќиште, монитор, тастатура, глувче, печатач, слушалки, проектор, микрофон и звучници |

obrazovanie.literatura.mk